Друштво за туризам транспорт угостителство и производство
СКАУТ Боге и др. ДОО
Бр. 0307-146
28.12.2022 год.
СКОПЈЕ

САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ,НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 0301-184/2
28-12-2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за деловна соработка

Склучен на ден 28.12. 2022 година, во Скопје помеѓу:

1. **Туристичка агенција „ СКАУТ“**, со седиште на ул. Даме Груев бр.7, лок 12, со ЕДБ 4030999449825, застапувано од управителот Боге Спасеновски (во натамошниот текст СКАУТ)

и

2. **Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија,** со седиште на ул. Маџир Маало бр.36, Скопје, со ЕДБ 4030994240332, претставуван од Јаким Неделков, во својство на претседател на СОНК (во натамошниот текст **СОНК**)

Дефиниции

Договорните страни ги договорија дефинициите за следните поими:

- Договорни страни се страни кои го склучуваат овој Договор и претставуваат правни лица основани според важечките закони на РСМ.
- Синдикална организација е подружница на СОНК во јавна установа од дејноста детска заштита, образование, наука и култура, што ја сочинуваат вработени - членови на СОНК, со свој овластен претставник и своја жиро сметка.
- Член на СОНК претставува физичко лице вработено во јавна установа од дејноста детска заштита, образование, наука и култура, а зачленето во Синдикална организација на СОНК при одредена установа од погоренаведените дејности. Членот на СОНК воедно е и барател на туристички услуги.
- Туристичка услуга претставува услуга на ТА СКАУТ, а е предмет на купување на секој член на СОНК.
- Одложено плаќање значи плаќање на купопродажната цена на повеќе делови според утврдена динамика, односно на рати кои се утврдени според точни временски интервали.
- Потврда за членство означува Потврда издадена од Синдикалната организација, во која е член барателот на туристички услуги, која потврдува дека носителот на Потврдата е член на СОНК.
- Административна забрана е документ потпишан од директорот, благајникот (сметководител, секретар итн.) и членот на СОНК, со кој се прави задршка од плата на барателот, за исплата на месечна рата и во кој е наведено дали лицето е во работен однос на неопределено или на определено време, наведувајќи го датумот до кога важи договорот, како и до кој износ е солвентен да плаќа за услугите од член 1 на овој Договор.

- Фактура претставува сметка за продажба на туристичка услуга којашто ТА СКАУТ му ја издава на членот на СОНК, во која се назначени видот и цената на туристичката услуга, како и условите за плаќање.
- Доспевање на фактура го означува последниот ден кога членот на СОНК е должен да го исплати целиот износ на фактурата или преостанатиот неисплатен износ од фактурата.
- Месечна рата означува износ кој се состои од основен долг, кој се исплатува секој месец преку задршка од месечната плата.
- Доспевање на рата е последниот ден кога членот на СОНК ја плаќа месечната рата, односно се исплатува преку задршка од месечната плата.

Член 1

Предмет на овој Договор е регулирање на деловна соработка помеѓу договорните страни во врска со овозможување купопродажба на туристички услуги од асортиманот на ТА СКАУТ, за членовите на СОНК, по повластени цени, на одложено плаќање до 8(осум) еднакви рати, без камата, преку заддршка од плата, под услови и начин определени со овој Договор.

Член 2

ТА СКАУТ се обврзува да ја определи висината на износот на месечната рата, која не го надминува износот на една третина од месечната плата на вработениот – член на СОНК.

Член 3

Право на туристичка услуга со одложено плаќање може да оствари вработен – член на СОНК, кој е кредитно способен и има склучено договор за работа на неопределено време.

Ова право може да го оствари и член на СОНК - вработен на определено време, кој е кредитно способен, под услов ратите да бидат исплатени 2 месеци пред истек на договорот за работа. ТА СКАУТ го задржува правото да го одреди бројот на рати, кај оние членови кај кои договорот за работа им истекува за помалку од 6 (шест) месеци, врз основа на административната забрана, во која е наведен датумот на важност на договорот за вработување.

Член 4

Барателот, своето членство во СОНК го докажува исклучиво со Потврда за членство, заверена со печат и потпишана од страна на претседателот односно овластено лице на синдикалната организација, во која е член.

Потврдата за членство има важност 10 дена од денот на издавање.

Член 5

Синдикалната организација на СОНК, во која е член барателот на услуги, се обврзува дека ќе издаде заверена Потврда во која ќе потврди дека барателот на услуги е член на СОНК, ќе ги впише неговите потребни податоци, предвидени во самата Потврда и датумот кога е издадена.

Член 6

Задршката на рати од плата ќе се врши согласно член 1 од овој Договор, на еднакви рати, од кои првата доспева при исплата на првата плата по добивањето на амортизациониот план.

Месечните рати по задршката ќе се уплаќаат уредно и навремено на трансакциска сметка на ТА СКАУТ, 300000001478122, депонент Комерцијална банка и ЕДБ 4030999449825.

Лицето задолжено за плаќање на фактурата односно на месечната рата, задолжително да се повика на бројот на фактурата во цел на дознака, како и бројот на рата.

Член 7

Синдикалната организација на СОНК при одредена институција, во која е член барателот, се обврзува да ја обезбеди и организира наплатата на ратите по претходно доставен амортизационен план, а по пат на задршка од месечната плата.

Синдикалната организација на СОНК, во која е член барателот, се обврзува дека:

- ќе издава заверена Потврда во која ќе потврди дека барателот е член на СОНК, ќе ги впише неговите потребни податоци предвидени во самата Потврда и датумот кога е издадена;
- ќе посредува и води сметка за уредна и навремена исплата на рати според претходно доставен амортизационен план;
- по извршената уплата на секоја рата, до ТА СКАУТ ќе достави список на лицата на кои им е одбиена ратата, со што ќе го наведе износот што им е задржан за отплата на ратата.

Член 8

ТА СКАУТ се обврзува, врз основа на заверена и потпишана Изјава од членот на СОНК, Административна забрана и Потврда за членство, да изврши продажба на туристички услуги на барателот, наведена во член 1 на овој Договор, со безготовинско плаќање, од програмата на ТА СКАУТ.

Член 9

ТА СКАУТ е должен на барателот да му даде еден примерок од фактурата за видот и вредноста на туристичката услуга, а по еден примерок доставува до Синдикалната организација и благајникот (сметководител, секретар итн.)

ТА СКАУТ е должен еднаш месечно до Синдикалната организација да достави фактури со спецификација поединечно за секој член на СОНК од таа Синдикална организација.

Член 10

Во случај на престанок на работниот однос на вработениот - член на СОНК или промена на работодавач, Синдикалната организација ќе го извести ТА СКАУТ за престанокот на работниот однос на истиот. Членот на СОНК е должен да го подмири долгот кон ТА СКАУТ, во спротивно ТА СКАУТ може да пристапи кон организирање на потполна наплата на направениот долг.

Во случај на боледување над 30 дена на лицето кое подигнало стока, должно е својот долг да го плати вирмански.

Член 11

Во случај на нередовно плаќање од страна на член на СОНК, ТА СКАУТ е должен да ги извести потписникот на овој договор – СОНК, како и претседателот на Синдикалната организација во која е член барателот, со цел да се регулира и надмине таквата состојба.

СОНК и Синдикалната организација, во која е член барателот, не сносат никаква одговорност во случај на ненавремено плаќање на доспеани рати. Единствено одговорен во тој случај би бил барателот – член на СОНК, согласно Изјавата потпишана од негова страна.

Член 12

Договорот се склучува на определено време од 1 (една) година и стапува на сила со денот на негово потпишување од двете страни.

Доколку ниту една од договорните страни не го откаже договорот пред истекот, истиот по автоматизам се продолжува се додека една од договорните страни побара негово раскинување, која е должна тоа да го направи по писмен пат, со наведување на причините за раскинување на договорот со отказен рок од 30 дена.

Измени и дополнувања на договорот се вршат по писмен пат на предлог на една од договорните страни, со склучување на анекс договор кон основниот договор.

Член 13

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено, а во спротивно решава надлежниот Основен суд во Скопје.

Член 14

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Туристичка агенција „СКАУТ“**
**Управител,**
**Боге Спасеновски**

**М.П.**

СКАУТ
Боге и др. ДОО
СКОПЈЕ

**Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија**
**Претседател,**
**Јаким Неделков**

**М.П.**

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
СКОПЈЕ